Еколошката едукација е интегрирана во наставата и учениците на часовите изучуваат заштита на природата, одговорно однесување кон средината и грижа и справување со отпадни материи. Ппрограмата за еколошка едукација на учениците е во прилозите подолу во програмата.

*2. Меѓуетничка интеграција во образованието*

*3. Справување со насилството*

*5.Пакомак-рециклирање на пластична амбалажа*

6.*Учиме, патуваме и истражуваме -интерен проект*

*7.Концепција за интеркултурно образование-Нансен модел*

*8.Забавни спртски игри*

*9.Е-отпад*

*10. Кинестетичка училница*

*11.Со читање до лидерство*

Во Прилог

***Поврзување на еколошката програма со редовната настава***

*Во редовната настава од I-IX со оваа годишна програма се предвидува и интеграција на еколошките содржини од деветте еколошки теми во предметите, наставните содржини и часовите по соодветното одделение/година. На овој начин постоечките предмети се збогатуваат со еколошки содржини и содржини за заштита на животната средина. Учениците, децата, вработените и пошироката заедница добиваат знаења за конкретните акции кои ги презема училиштето за заштитата на животната средина и реализацијата на Програмата. На ниво на активи се изработуваат планирања со кои се поврзува редовната настава со еколошката програма поделена во девет теми. Секој член на активот кој предава одделен наставен предмет одбира еколошки содржини кои ги поврзува со одредена наставна содржина која е тесно поврзана со еколошката тема, а со тоа и со еколошката содржина. По потреба секој наставник може да додаде еколошки содржини за кои мисли дека би биле важни за наставата.*

## 9.9. УПОТРЕБА НА ИКТ ВО НАСТАВАТА

Активната настава и користењето на ИКТ во наставата се предуслов за напредна и современа настава каде ученикот е во центарот на вниманието е активен во текот на целиот час, додека наставникот е насочувач и организатор на часот. Со ваквиот вид на настава учениците стекнуваат самодоверба, самостојност во работата, лично искуство и знаење кое е долгорочно за него. Наставникот во својата годишна програма за работа 30% од наставата планира да ја реализира со користењена ИКТ кои се расположливи во училиштето. Реализацијата на програмата со користење на ИКТ ја следи директорот и стручната служба при посетата на часовите на наставниците.**Прилог**

# *10. ОЦЕНУВАЊЕ*

## 10.1. ВИДОВИ ОЦЕНУВАЊЕ И КАЛЕНДАР НА ОЦЕНУВАЊЕ

Оценувањето на учениците се врши според критериуми и стандарди утврдени од страна на Министерството за образование и наука и Бирото за развој на образованието. Согласно концепцијата за деветгодишно образованиеучениците се оценуваат описно и нумерички според три периоди: Учениците кои се опфатени во првиот период **I-III одделение** се оценуваат со описни оценки. Со описното оценување се дава приказ на постигањата на учениците по предмети и опис на социјализацијата и развојот на детето. Учениците кои се опфатени во вториот период **IV-VI одделение** се оценуваат со описни и нумерички оценки. На крајот од првото и третото тримесечие добиваат описни оценки ,а на полугодие и на крајот од учебната година добиваат нумерички оценки се со цел полесно адаптирање кон преминот во третиот период на деветгодишното образование. На почетокот на секоја учебна година наставниците изготвуваат План за писмено проверување на постигањата на учениците и истиот е евидентиран во одделенскиот дневникот на паралелката. Исто така проверувањата на постигањата на учениците (формативно и сумативно оценување) се со однапред утврдена динамика и наставниците динамиката ја дефинираат во нивните годишни и тематски планирања. Се користат форми, методи на следење, инструменти за следење на постигањата на учениците ( чек листи, аналитички листи, увид во портфолио..)

## 10.2. ТИМ ЗА СЛЕДЕЊЕ, АНАЛИЗА И ПОДДРШКА

Во училиштето постои тим за следење,анализа и поддршка на наставниците при изведувањето на процесот на оценувањето како и усогласеноста на оценувањето со предвидените стандарди и критериуми за оценување

За да се согледа состојбата во оценувањето во училиштето се врши посета на часови и увид во дневните подготовки, се прибирааат податоци за изготвување на извештаи и компаративни анализи .Стручните соработници изготвуваат анализи и извештаи за успехот и поведението на учениците по завршување на класификационите периоди, исто така изготвуваат и споредбени анализи за успехот на учениците по предмети, паралелки,по пол и националност за 3 години наназад. При оценувањето се почитува транспарентноста, односно учениците и родителите редовно се информираат за постигањата.Со постигнување објективност во оценувањето наставниците континуирано даваат усна и писмена информација за постигања на учениците и за истата цел наставниците изготвуваат објективни тестови со квалитетни тест задачи за што интерно се обучени.

## 10.3. САМОЕВАЛУАЦИЈА НА УЧИЛИШТЕТО

Согласно законот за Основно образование, училиштето на секои две години спроведува самоевалуација на целокупната работа во текот на две учебни години.

Самоевалуацијата се спроведува во три фази:

-подготвителна фаза (се врши определување на методи, техники и инструментите за самоевалуација и се прибавува документацијата потребна за вршењето на самоевалуацијата);

-фаза на реализација (се врши анализа на податоците и документацијата, се добиват и се усогласуваат добиените наоди , се подготвуваат поединечни извештаи и за самоевалуација и заеднички нацрт извештај за спроведената самоевалуација);

-фаза на известување и усвојување (се обезбедува достапност на нацрт извештајот за Наставничкиот совет, Совет на радители, ученици, директорот на училиштето и Училишен одбор кои можат да достават забелешки за нацрт извештајот за спроведената самоевалуација).Во самоевалуацијата на училиштето се вклучени сите наставници кои работат во тимови поделени по подрачја.

Во почетокот на учебната 2018/2019 година работните групи ќе отпочнат со спроведување на трите фази на самоевалуацијата.

# 11. ВОННАСТАВНИ АКТИВНОСТИ

Воннаставните активности претставуваат интегрално и мошне значајно подрачје во севкупната воспитно-образовна дејност на училиштето. Затоа во овој дел на Годишната програма се содржани основите за организирање и програмирање на: Слободните ученички активности, и врз основа на Правилникот за начинот за изведување на ученички екскурзии и други слободни активности на учениците од основните училишта ,во учебната 2018/2019 година планирани се ученички екскурзии -Програма за ученички екскурзии **Прилог**

### *11.1 Ученички екскурзии*

Врз основа на Правилникот за начинот за изведување на ученички екскурзии и други слободни активности на учениците од основните училишта ,во учебната 2018/2019 година се планираат ученички екскурзии за учениците од прво до деветто одделение според Програмата за ученички екскурзии. **Прилог**

### *11.2. Училишен спорт*

Во нашето училиште постои една спортска екипа – фудбал, која континуирано години наназад егзистира и забележува одлични резултати.

Освен училишната спортска екипа, забележителни резултати постигнуваат и нашите спортисти кои се натпреваруваат во поединечните спортови.

Во училиштето е формиран и регистриран спортски клуб .

Учениците кои ќе земат учество во спортските екипи и секции претходно ќе бидат селектирани од одговорните наставници по физичко и здравствено образование.

### *11.3. Секции и слободни ученички активности*

Низ слободните ученички активности се создаваат претпоставки за задоволување и негување на индивидуалните интереси и способностите на учениците. Слободните ученички активности се реализираат во слободното време на учениците и врз основа на соодветни програми што се составен дел на оваа програма.

Изборот на слободните ученички активности се спроведува на почетокот на учебната година преку анкетни листови на првата недела од месец септември. Во зависност од избраните активности на учениците наставникот формира секција на која работи со учениците по еден час неделно. Наставниците овие слободни ученички активности ги реализираат според претходно изработен план и програма. Слободните ученички активности во одделенска настава функционираат на ниво на актив (одделение).

### *11.4*. *Слободни ученички активности по Нансен модел за интегрирано образование*

Во учебната 2017/2018 година во училиштето се реализираа слободни ученички активности(секции) по Нансен модел за интегрирарано образование со тандем наставници од одделенска настава во прво,второ,трето и петто одделение и истите ќе продолжат со имплементирање на интегрираните содржини.

Од учебната 2018/2019 година ќе се реализираат слободни ученички активности(секции) по Нансен модел за интегрирарано образование со тандем наставници од одделенска настава и тандем наставници од предметна настава.

### *11.5. Ученички натпревари*

Стекнатите знаења и умеења постигнати во редовната настава и вonнаставните активности, учениците ќе имаат можност да ги презентираат на разновидни натпревари, јавни настапи, како и со програми пред другарчињата и родителите. Училиштето организира училишни натпревари, со цел да се детектираат учениците кои постигнуваат најдобри резултати по одредени предмети , а кои понатаму ќе се подготвуваат за општински, регионални и државни натпревари. Училишните натпревари ќе се реализираат во март и април, со цел координирање со општинските натпревари.Програмата за реализација на училишните натпревари е во **Прилог**

### *11.6.Општествено хуманитарна работа*

Основни приоритети на оваа задача е позитивниот однос кон работата, негување и одржување на заедничкото, почитување на човечкиот труд, средствата за произвотство како и резултатите од вложениот труд. Преку реализиција на активностите учениците треба да се стекнат со основни знаења, навики и нивна примена во производствените и другите општествено-корисни работи, одржување на хигиената во училиштето и во неговата околина. Активностите ја поттикнуваат хуманоста и солидарноста кај учениците и подигање на еко свест кај учениците. **Прилог**

# 12. ПОДДРШКА НА УЧЕНИЦИТЕ

## 12.1. ПОСТИГАЊЕ НА УЧЕНИЦИТЕ

Наставниот кадар во нашето училиште води редовна евиденција на сите постигнувања на нашите ученици кои достојно го претставуваат нашето училиште во сите натпреварувања организирани од БРО, Федерација за училишни спортови на Македонија и други друштва од земјата.
Евиденција се води и пооделно за секој ученик и ментор во професионалното досие на секој од наставниците во училиштето.

Нашето училиште јавно ги пофалува и соодветно ги наградува сите заслужни за постигнатите резултати во последните години и ќе продолжи да го спроведува истото и во следните години. На сите ученици им се доделуваат посебни пофалници за постигнатите резултати и достоинственото презентирање и афирмирање на нашето училиште низ државата, кои свечено им се доделуваат на Денот на училиштето пред учениците и родителите. **Прилог**

## 12..2. ПРЕВЕНТИВНИ ПРОГРАМИ

Учениците учествуваат во разни активности во соработка со МВР. Воедно тимови од МВР за учениците од II и IV одделение вршат презентации за однесување на учениците во сообраќајот. За болестите на зависност одделенските раководители и раководителите на паралелки на одделенските часови реализираат работилници од програмата за Животни вештини, идентификација на учениците кои имаат проблеми со зависност се врши во соработка со стручната служба и се превземаат мерки за нивно надминување. Идентификацијата на учениците кои имаат асоцијално однесување се врши во соработка со стручната служба и потоа се превземаат мерки за нивно надминување преку советување на учениците и родителите, известување до педагошката служба во МОН. Стручната служба остварува соработка со Центарот за социјални грижи, МВР, Заводот за ментално здравје-Скопје, Детска клиника и социјалните служби во општина Карпош.

## 12.3. БЕЗБЕДНОСТ ВО УЧИЛИШТЕТО

Целта на безбедноста во училиштето е

- Изготвување на ефикасен план за едукација и заштита на учениците во случај на елементарни незгоди.
- Обука на учениците и вработените за ефикасна постапка во време на елементарна незгода.
- Избегнување и намалување на бројот на жртвите со навремено и организирано укажување на прва медицинска помош и евакуација на повредените.

## 12.4.ПОЗИТИВНА СОЦИО- ЕМОЦИОНАЛНА КЛИМА

УЧИЛИШТЕТО СЕ ГРИЖИ ЗА УЧЕНИЦИТЕ ОД РАНЛИВИТЕ ГРУПИ ,КОИ ИМААТ СОЦИЈАЛНИ И ЕМОЦИОНАЛНИ ПОТЕШКОТИИ, ПРЕКУ ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА БЕСПЛАТНА ХРАНА ВО УЧИЛИШТЕТО, БЕСПЛАТЕН ПРЕВОЗ ДО ОДРЕДЕНА ДЕСТИНАЦИЈА, ХУМАНИТАРНИ АКЦИИ ЗА ХРАНА И ОБЛЕКА. ЗА УЧЕНИЦИТЕ СО ЕМОЦИОНАЛНИ ПОТЕШКОТИИ СТРУЧНАТА СЛУЖБА ВО УЧИЛИШТЕТО ЗАЕДНО СО НАСТАВНИЦИТЕ РАБОТАТ ЗА НАДМИНУВАЊЕ НА ПРОБЛЕМИТЕ. УЧИЛИШТЕТО НЕГУВА ПОЧИТУВАЊЕ НА ЛИЧНОСТА, СЛОБОДАТА ЗА ИЗРАЗУВАЊЕ, ОСТВАРУВАЊЕ НА ПРАВОТО НА БАРАЊЕ, ПРИМАЊЕ И ДАВАЊЕ ИНФОРМАЦИИ, ИНТЕРАКТИВЕН ОДНОС, МЕЃУСЕБНА ДОВЕРБА, ПОЧИТУВАЊЕ НА МИСЛЕЊАТА НА СИТЕ; ЕДНАКВОСТ И ПРАВИЧНОСТ И БЕЗ ПРЕДРАСУДИ ВО ОДНЕСУВА

## 13.ГРИЖА ЗА ЗДРАВЈЕТО

Здравственото образование на децата е приоритет не само заради самото здравје, туку и од гледна точка на самиот образовен систем – за да можат децата да учат треба да се здрави.

### 13.1. ХИГИЕНА ВО УЧИЛИШТЕТО

За здрава и чиста работна средина се грижат сите учесници во училишниот живот.Техничкиот персонал редовно ги извршува работните задачи така што хигиената во училиштето е на завидно ниво.Во текот на целата година се води грижа да е исправна и да функционира санитарната опрема во тоалетите.Сите тоалети и санитарииредовно се дезинфицираат со дезинфекциони средства.Во тоалетите редовно има течен сапун.Училиштето се грижи учениците правилно да ги користат санитарните простории, да ја одржуваат личната и колективната хигиена. Ходниците и скалите се чистат два -три пати во денот,училниците редовно се метат,се брише подот, се отстранува отпадот и се проветрува .Мебелот во училниците и канцелариските простории се брише секојдневно.Еднаш месечно се чистат,бришат,полираат дрвените и стаклените површини,врати ,прозорци и друг инвентар. Другиот училишен простор со училишниот двор се одржува тековно чист,хортикултурно среден со поставени корпи за отпад. Со цел за чиста и здрава работна средина, училиштето спроведува интерни работни акции за средување на работниот простор и училишниот двор.

### 13.2. СИСТЕМАТСКИ ПРЕГЛЕДИ

Систематските прегледи се задолжителни за вработените и за учениците. Тие се вршат во договорени термини во соработка со ЈЗУ-Школска медицина- Карпош, Поликлиника Ѓорче Петров,Републички завод за здравствена заштита-одделение Медицина на трудот;Сектор за епидемиологија и микробиологија и училиштето,според плановите за работа на институциите.За вработените покрај редовниот годишен санитарен преглед на секои три години се врши и систематски преглед кој опфаќа: општ лекарски преглед, лабаториски преглед,интернистички,офтамотолошки преглед, ОРЛ преглед. Задолжителни систематски прегледи се прегледите за учениците од: I, III,V ,VII и IX одделение, кој опфаќа:мерење на висина и тежина, проверка на вид, проверка на ’рбетниот столб и локомоторниот систем, лабараториски преглед на крв и урина.

По извршените прегледи се евидентира состојбата и се даваат препораки за понатамошно специјалистичко проследување (доколку има потреба).-Задолжителни стоматолошки прегледи се вршат заучениците од I,II,IV,V и VI одделение, како и залевање на забите, откривање на деформитети и неправилности во растот на забите и вилиците, евиденција на состојбата на забалото, запис во картон.За сите прегледи навремено се информирани родителите и истите се изведуваат во “ЈЗУ “ Карпош со одд.раководител или предметен наставник. При договарање на термините за вршење на прегледите се води сметка истите да се извршуваат во термини пред започнување или после завршување на часовите за да не се попречува наставниот процес. Сите добиени резултати, информации,состојби,укажувања се заведуваат во здравствениот картон и се води грижа за тајност и заштита на податоците.

## 13.3. ВАКЦИНАЦИЈА

Вакцинирањето се врши според Програмата за имунизација на учениците од основните училишта согласно Правилникот за имунопрофилакса и хемопрофилакса при Министерството за здравство , Државен санитарен и здравствен инспекторат.Вакцинирањето се врши во Школски диспанзер- “Карпош“во присуство на родител и одделенскиот наставник за учениците од I до V одделение, а за учениците од VI до IX одделение одделенскиот раководител и родител .За учениците од прво одделение со навршени шест години  се врши ревакцина MRP(морбили,рубеола, паротит) ,а за учениците од II и IIIодделение  -ревакцина DT Polio(дифтерија ,тетанус) и тестирање манту заТВС . По добиените резултати од проверката следи вакцина.-VII одделение, вакцини за детска парализа и тетанус по коиследат ревакцини.Во периодот до12-13 години следат вакцини (втора и трета доза) од веќе примените ,а за девојчињата HPV-хуман папиломавирус-инфекции(три дози во одреден период) за кои се известуваат ученичките и родителите кои ја примиле првата доза.За учениците од IXодделение девојчињата се ревакцинираат од рубеола, а сите ученици од: детска парализа , дифтерија и тетанус во дози и ревакцина.

.

## 13.4. ЕДУКАЦИЈА ЗА ЗДРАВА ИСХРАНА

За реализација на овој дел од грижата за здравјето на учениците, училиштето го реализираат различни предавања  и работилници во врска со здрава храна,правилна исхрана  и предавање за правилна  контрола на внес на шеќери).

# 14. УЧИЛИШНА КЛИМА И ОДНОСИ ВО УЧИЛИШТЕТО

## 14.1 ДИСЦИПЛИНА

Училиштето има изградено углед кој е препознатлив по квалитетот на работа и постигањата на учениците, благодарение на тоа што води грижа за остварување на својата мисија и визија, водејќи сметка за целосната секојдневна дисциплина на учениците, а со тоа ја обезбедува и безбедноста на учениците во училиштето. Училиштето има кодекс на однесување кој се однесува на сите структури: ученици, вработени (наставници, стручни соработници, технички персонал) и родители. Кодексот на однесување е донесен и прифатен преку спроведена демократска процедура со партиципација на сите структури поодделно. За непочитување на кодексот на однесување се пропишани соодветни процедури по кои се постапува зависно од прекршување на правилата на

однесување.Постои взаемно почитување меѓу сите структури во училиштето. Наставниците преку меѓусебна професионална соработка, како и соработка со раководниот кадар и стручните соработници ја одржуваат позитивната училишна клима и атмосфера која делува поттикнувачки на учениците.Однесувањето на вработените и учениците е соодветно на пропишаните принципи во Кодексот на однесување на училиштето.Вработените се грижат за однесувањето и безбедноста на учениците, како за време на часовите

и за времена одморите, така и при приемот и заминувањето на учениците од училиште.Постои распоред за дежурства на наставниците во ходниците, училниците, дворот и санитарните јазли и секојдневна евиденција за тековните збиднувања.Во случаи на непочитување на правилата на однесување се постапува соодветно Правилникот за изрекување педагошки мерки , пропишан со Законот за основно образование и Интерниот правилник на училиштето, вклучувајќи ги и евидентните листови за насилно однесување помеѓу учениците кои ги водат наставниците, како и протоколите за упатување на разговор на учениците кај стручните соработници

## 14.2. ЕСТЕТСКО И ФУНКЦИОНАЛНО УРЕДУВАЊЕ НА ПРОСТОРОТ ВО УЧИЛИШТЕТО

Сите вработени и ученици во училиштето се задолжени да придонесуваат за естетското и функционално уредување на училиштето со свои изработки, проекти и презентации. Во училиштето се организираат разновидни настани чија реализација бара соодветно уредување: патронен празник и хепенинзи на различни теми. Изгледот на училиштето е важен сегмент во прилагодувањето на учениците и нивно максимално ангжирање во воспитно

-образовниот процес. По повод одредени празници во училиштето наставниците и учениците естетско го уредуваат просторот во училиштето.Со учество на учениците и наставниците се води и континуирана грижа за изгледот и хортикултурно уредување на училишниот двор, одржување на зеленилото, цвеќињата, поставените клупи и кантите за отпадоци.

## 14.3. ЕТИЧКИ КОДЕКСИ

Во училиштето постојат кодекси на однесување за сите субјекти кои го сочинуваат. Кодексите се донесени во согласност со Законот за основно образование, а сите субјекти имаат земено учество во нивното изработување. Кодексите се истакнати на видни места во училиштето и во нив јасно се дефинирани правилата кои треба да се почитуваат.Такви се :

- Кодекс за однесувањето на наставниците, на учениците и родителите;
- Училиштето располага и со правилници во кои се предвидени и постапките кои се превземаат при прекршување на правилата пропишани со кодексите. Кодексот на однесување за наставници, ученици и родители е даден во **Прилог**

## 14.4. МУЛТИ - КУЛТУРАЛИЗАМ

Активностите за промоција на мултикултурализам ќе се реализираат во рамките на Проектот за меѓуетничка интеграција во училиштето. Идејата е размена на култури, традиции, заедничко промовирање на културното наследство меѓу двете училишта преку взаемни посети на културни и образовни манифестации, празници и фестивали. Односно сакаме да бидеме промотери на еднаквоста, мирот, соживотот и толеранцијата, размена на културните и верските, како и образовните вредности.
Покрај запознавањето на различните етникуми во Македонија, учениците , нивните родители, и наставниците, ќе можат да ги разбијат стереотипите кои владеат на ова поднебје, и заеднички да се придонесе за развој на мултикултурно општество, давајќи свој продонес и учество.

Училиштето соработува со партнер училиштето ООУ,,Вера Циривири Трена,-Карпош, во кое наставата се одвива на македонски јазик. Примарна цел на партнерството е оспособување за соживот во мултикултурното општество, која се остварува преку активности низ кои учениците ќе се ангажираат во размена на култури, традиции, заедничко промовирање на културното наследство меѓу двете училишта преку посети на културни и образовни манифестации, празници, изложби, разни еколошки акции и др.
Акциониот план за меѓуетничка интеграција во образованието е дадено во **Прилог .**

## 14.5. ОДНОСИ МЕЃУ СИТЕ СТРУКТУРИ

Во училиштето постои конструктивна комуникација помеѓу сите структури во него(Директор, Училишен одбор, Совет на родители, Ученичка заедница, Стручни активи).Таа комуникција се темели на вистински вредности и принципи кои помагаат за подобрување на училишната клима и односите во него.Одговорните на сите структури го сочинуваат тимот кој ќе се грижи за надминување на евентуалните негативни појави во однос на училишната клима, изготвувајќи предлог мерки за нејзино подобрување.Со цел подигнување на квалитетот на комуникацијата и меѓусебната доверба и соработка , вработените во училиштето, како и досега,ќе остваруваат формални и неформални средби, односно ќе се организираат заеднички прослави, екскурзии, свечености, посети и сл. Како и секоја учебна година училиштето ќе организира заеднички средби и прослави по повод:Ден на училиштето ,Нова година ,Ден на жената ,Ден на шегата , Екскурзии за учениците и наставниците И оваа учебна година посебно внимание ќе се посвети на прослава на верските празници : Велигден, Курбан Бајрам во рамките на меѓуетничка интеграција во образованието .

# 15. ПРОФЕСИОНАЛЕН РАЗВОЈ НА ОБРАЗОВНИОТ КАДАР

Училиштето води грижа за професионалниот развој на образовниот кадар водејќи сметка редовно да се посетуваат обуките и семинарите кои се одобрени и организирани од МОН и БРО. Стручната служба води професионално досие за секој наставник. Редовно се вршат дисеминации на обуките и семинарите со кои се запознаваат и едуцираат и наставниците кои не биле на обуката или семинарот.Тимот за професионален развој на образовниот кадар направи анкета за професионалната подготовка и стручност на наставниот кадар во која наставниците ги изнесоа своите потреби од дополнителни обуки.

## 15.1. ДЕТЕКТИРАЊЕ НА ПОТРЕБИТЕ И ПРИОРИТЕТИТЕ

Потребите на наставниците за професионален развој ќе се утврдуваат на првите состаноци на стручните активи во месец септември.

Во текот на учебната година сите понудени обуки ќе бидат доставени до наставниците за кои се наменети или стручните соработници, истите ќе бидат разгледани и посетени. После учеството на обуки, учесниците ќе одржат дисеминација во училиштето по претходно изготвена програма и акционен план, а за истата активност ќе бидат изготвени и извештаи.

Во функција на професионалниот развој на наставниците ќе се организираат и отворени часови, работилници и размена на искуства во рамките на активите

## 15.2. АКТИВНОСТИ ЗА ПРОФЕСИОНАЛЕН РАЗВОЈ

Училиштето ќе организира најразлични работилници, обуки и семинари кои ќе понудат активности со цел стручноусовршување на наставниците и стручната служба. Притоа се изготвуваат и акциони планови, се спроведува дисеминација од претходно проследени семинари или проекти, се поднесуваат извештаи, а исто така се врши и евалуација од којашто подоцна произлегуваат потребите и приоритетите за понатамошни активности за стручно усовршување и професионален развој. Тука значаеан дел земаат советувањата и стручните подготовки

од страна на Бирото за развој на образованието, Министерството за образование и наука како и други стручни институции од областа на воспитно-образовниот процес, но и училиштето кое самостојно спроведува интерно стручно усовршување на образовниот кадар.

## 15.3. ЛИЧЕН ПРОФЕСИОНАЛЕН РАЗВОЈ

Поединечното усовршување на образовниот кадар во училиштето подразбира следење на наставниците како и нивно вреднување преку посебно изготвени критериуми и инструменти. Во личен професионален развој вклучено е и мотивирањето на наставниците во насока на учество на обуки и семинари, добивање сертификати и слично. Меѓу другото, тука се вбројува и посетата на конференции, средби од регионален или државен карактер, како и свои пишани и објавени текстови и статии во стручна литература. Секој наставник и стручната служба изготвува свој личен план за професионален развој според одредени стандарди и компетенции.

## 15.4. ХОРИЗОНТАЛНО УЧЕЊЕ

Посетата на наставниците на разни семинари за нивен професионален развој значи и споделување на искуствата и знаењата стекнати на тие семинари. Професионалното стекнато искуство се разменува и споделува со останатите наставици и стручната служба. Сето тоа училиштето го прави преку дисеминација, работилници или отворени часови. Во тој поглед училиштето треба да подготви акциски планови во кои ќе се објаснети активностите и нивните носители, времето на реализација, начинот на следење како и очекуваните резултати и исходи.

## 15.5. ТИМСКА РАБОТА И УЧИЛИШНА КЛИМА

Меѓусебната соработка и почитување играат важна улога во функционирањето на училиштето. Во таа насока училиштето предвидува начини и форми за поттикнување на взаемната соработка помеѓу наставниците. Тука акцент се става на отворената комуникација, почитување на поединечни мислења како и критичноста и самокритичноста. Стручното усовршување и професионалниот развој на образовниот кадар ќе

опфати оспособување на наставниците за реализација на новите програмски содржини кои доаѓаат како резултат на општествените промени, новите научни достигнувања, новите планови и програми од прво до трето одделение и сл. За таа цел училиштето во текот на целата учебна година ќе се грижи за професионалниот развој на наставниците и ќе се залага за нивно активно учество на работилници, обуки и семинари. Сите овие предвидени активности ќе се реализираат во согласност со потребите и барањата на училиштето и образовниот кадар во текот на учебната година.

## *16. ВКЛУЧЕНОСТ НА СЕМЕЈСТВОТО ВО УЧИЛИШТЕТО*

### 16.1. ВО ЖИВОТОТ И РАБОТАТА НА УЧИЛИШТЕТО

Родителите/старателите се вклучени во работата на училиштето преку Советот на родители. Во Советот на родители членуваат претставници-родители од сите одделенија во училиштето. Промената на членовите се врши секој септември кога на родителските средби се избираат членовите за во Советот на родители. Советот на родители преку својата програма за работа дава предлози и идејни решенија за соодветни потешкотии во работата, го следи преку извештаите напредокот на училиштето. Родителите/старателите за секое случување во училиштето, постигнувањата на учениците се известуваат преку родителските средби, приемните денови на наставниците и отворените денови. Преку брошура родителите/старателите се известуваат за  најважните активности планирани во годишната програма за работа на училиштето.

Преку програмата за советување родители на ученици кои покажуваат несоодветно однесување, кои имаат три и повеќе негативни оценки по постигувањата и успехот и кои имаат десет и повеќе неоправдани изостаноци и над 100 оправдани психолог  остварува едукација и советување.

## 16.2. ВО ПРОЦЕСОТ НА УЧЕЊЕ

Родителите постојано ќе бидат вклучени во процесот на учење со тоа што ќе бидат информирани за наставниот план и програма, како и самиот наставен процес на различни начини:

- -преку Советот на родители
- -преку групни и индивидуални средби со наставници
- -преку стручната служба на училиштето
- -преку Е-дневникот
- Со тоа ќе им се даде можност навреме да бидат информирани и навреме да делуваат по прашањето на успехот и поведението на своите деца.
- Учеството на родителите во процесот на учење ќе биде насочено и кон давање помош при изработка на нагледни средства и дидактички материјали за покреативно изведување на наставата.

## 16..3. ВО АКТИВНОСТА ВО УЧИЛИШТЕТО

Ќе бидат земени во предвид дадените предлози од страна на родителите, во однос на учеството на разни манифестации (продажни, изложбени и собирни акции во училиштето) како помошници во изработка на производи зависно од темата , промоции, како и посета на одредени институции и објекти кои се тесно поврзани со наставниот план и програми.

## 16.4. ВО ДОНЕСУВАЊЕ НА ОДЛУКИ

Како членови на органите на училиштето активно ќе учествуваат во давање предлози за донесувањето одлуки во врска со изведување екскурзии, топол оброк и ужинка за учениците, опременост на училиштето, организирање презентации, трибини на теми интересни за учениците и родителите, уредување на училишниот простор и сл.

## 16.5. ЕДУКАЦИЈА НА СЕМЕЈСТВОТО

Ќе бидат организирани едукативни работилници за родители во склоп на работата на Советот на родители, родителски средби и други форми на работа со родителите, средби со стручната служба во функција на Советување на родители, како и индивидуални средби и средби во мали групи од едукативен карактер.

## 16.6. ИЗРАБОТКА НА БИЛТЕН И БРОШУРА ЗА РОДИТЕЛИТЕ

Секоја учебна година се изработува БИЛТЕН кој родителите го добиваат на крајот на прво полугодие, а БРОШУРАТА ја добиваат при упис на децата во прво одделение и на почетокот на учебната година.Во соработка на наставниците и учениците се изработува и изготвува УЧИЛИШЕН ВЕСНИК,кој е достапен за учениците и родителите.

## 17. КОМУНИКАЦИЈА СО ЈАВНОСТА И ПРОМОЦИЈА НА УЧИЛИШТЕТО

### 17.1. ЛОКАЛНА ЗАЕДНИЦА

Соработката со локалната заедница ќе се остварува преку повеќе форми на работа, електронски, усно и ќе пристапиме кон реализирање на активностите кои ќе ги понуди истата. Во прилог на оваа програма има и програма за соработка со локалната средина и заедница.

### 17.2. ИНСТИТУЦИИ ОД ОБЛАСТА НА КУЛТРАТА

Сите конкурси и покани за натпревари кои стигнуваат во нашето училиште, ќе бидат доставени до одговорните наставници и истите ќе бидат спроведени преку учество на учениците.
Ликовните и литературните изложби, споменици и други установи ќе бидат посетени според потребите на наставата и по избор на предметниот или одделенски наставник.
Кино и театарските претстави ќе ги организираме исто така според потребите на наставата со избор на кино или театарска претстава од страна на одговорните наставници и соодветно на возраста на учениците.
Сите овие активности се вградени во програмите на стручните активи.

### 17.3 ИНСТИТУЦИИ ОД ОБЛАСТА НА ОБРАЗОВАНИЕТО

Училиштето континуирано соработува со МОН, БРО,ДПИ,ЕЛС- Сектор за основно образование. Сектор за основно образование во делот на општината Карпош , актив на директори на Општина Карпош, градинките и други основни, средни училишта и факултетите. Училиштето со градинките соработува при уписот на првачиња и заеднички активности. Средните училишта вршат презентации на занимања и струки за уписи на учениците од деветите одделеније. Во соработката со факултетите примаме студенти за пракса. Стручната служба стручно се усовршува во заеднички работни состаноци на ниво на град Скопје.

## 17.4. НЕВЛАДИНИ ОРГАНИЗАЦИИ

Соработката со невладините организации ќе се реализира во текот на учебната година и според нивните програми, ќе се остваруваат презентации и работилници за учениците и наставниците.

## 17.5. СПОРТСКИ ДРУШТВА

Училиштето ќе продолжи да соработува со спортските  клубови во кои членуваат нашите ученици.

## 17.6. ЗДРАВСТВЕНИ ОРГАНИЗАЦИИ

Како и досега, училиштето ќе продолжи да соработува со институциите кои се директно поврзани со грижата за здравјето на учениците, а тоа се: Здравствен дом ,,Ѓорче Петров; Здравствен дом ,,Карпош ,, Меѓуопштинскиот центар за социјални работи; Заводот за ментално здравје,, ; Осигурителна компанија.

Во текот на годината ќе се организираат и предавања (најмалку две) според потребата, изведени од стручни лица /надворешни соработници или од Црвениот Крст. Одговорни лица ќе бидат стручните соработници, одговорните на Црвениот крст и еден предметен наставник. Целта на ваквото едуцирање е да се прошират знаењата на учениците и да се развива свеста за значењето на здравјето и водење грижа за сопственото здравје**.**

## 17.7. МЕДИУМИ

Училиштето располага со брошури кои им ги даваме на родителите на сите првачиња кои се запишуваат во нашето училиште и таа активност ќе продолжи и понатаму, а ќе биде проширена и со промовирање на училиштето и преку одредени медиуми. Оваа акктивност ќе се реализира во договор со сите наставници и Советот на родители.

Тим кој учествувал во изработката на Годишната програма

Директор:Јадранка Поповски

Педагог:Марина Хаџипанзова

Датум 28.*06.2018 год* и потпис на директорот на училиштето ООУ„ Братство“

*Директор: Јадранка Поповски*

______________________________

Потпис на  Претседател на училишен одбор на училиштето ООУ„ Братство “

______________________________